
ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2021 до 31.12.2021 година



[1] 08-14067/1 [2022]

Резиме

Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување во текот на 2021 година изврши вкупно 40 целосни финансиски контроли на јавните здравствени установи во Македонија.

Согласно Годишниот план за финансиски контроли извршени се 40 целосни финансиски контроли и 27 наменски контроли.


Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.

За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.

I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата во 2021 година, ја спроведуваат 13 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

Организациона единица	број на контролори
Централна служба	3
Скопје	4
Тетово	1
Гостивар	1
Струга	1
Охрид	1
Велес	1
Куманово	1
Вкупно контролори	**13**

IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена односно вонредните контроли се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли во 2021 година предвидуваше 40 целосни финансиски контроли.

Во текот на 2021 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 40 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 27 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2021 година изнесува 67 контроли.

Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е зголемен за 67,5 %.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

ред бр.	Вид на контрола	број на извршени контроли
1	**Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли**	**40**
1.1	*Целосни финансиски контроли на ЈЗУ*	*40*
2	**Наменски контроли**	**27**
2.1	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Здравствен дом – Валандово за периодот 2018 до месец Ноември 2021 година на вработените во службата на ИМП со домашно лекување;*	*1*
2.2	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"– Скопје за месец 06 /2020 година;*	*1*
2.3	*Предмет на контрола – контрола на решенијата за пресметување на месечната плата и на пресметките за плата ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" – Скопје, извршена во февруари 2021 година;*	*1*
2.4	*Предмет на контрола – контрола на решенијата за пресметување на месечната плата и на пресметките за плата ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" – Скопје, извршена во април 2021 година;*	*1*
2.5	*Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле, Скопје* *Во прилог на Извештајот се Извешати од контрола на дистрибуцијата на лековите за цистична фиброза до осигурениците од аптеки на следниве ЈЗУ:* - *Клиничка болница Тетово;* - *Клиничка болница Штип;* - *Општа болница со проширена дејност Кавадарци;* - *Општа болница со проширена дејност Кочани;* - *Општа болница со проширена дејност Гевгелија;* - *Општа болница со проширена дејност Дебар;* - *Здравствен дом Скопје – аптеки во поликлиниките Бит Пазар, Јане Сандански и Букурешт;* - *Општа болница Велес;* - *Општа болница Куманово;* - *Општа болница Гостивар;*	*16*

	- *Општа болница Охрид;* - *Општа болница Струга;* - *Здравствен дом Прилеп;* - *Здравствен дом Битола;* - *Здравствен дом Берово;*	
2.6	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Здравствен дом – Куманово во текот на 2012 до 2016 година на главната медицинска сестра;*	*1*
2.7	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Општа болница – Куманово во текот на 2012 до 2016 година на главната медицинска сестра;*	*1*
2.8	*Предмет на контрола - контрола за утврдување дали предметната ЈЗУ Општа болница-Охрид во временскиот период од 2019 година до 31.10 2021 година незаконски исплаќала повисока плата на лицето А.Н. со работно место Секретар на ЈЗУ и дали истата е исплаќана во согласност со Закон и Колективен Договор за здравствена дејност;*	*1*
2.9	*Предмет на контрола - контролата на реализирани дежурства на специјализанти на приватна специјализација на ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ– Скопје за период од јуни – ноември 2021 година;*	*1*
2.10	*Предмет на контрола - контрола на финасиско работење на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија Скопје;*	*1*
2.11	*Предмет на контрола – контролата на склучен договор помеѓу ЈЗУ ОБ Велес и Еколошко друштво "Здравец" – Македонска Каменица;*	*1*
	Вкупно финансиски контроли	**67**

Споредбено со 2020 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2021 година е прикажано во следната табела:

ред бр.	Вид на контрола	број на извршени целосни финансиски контроли во 2020 г.	број на извршени целосни финансиски контроли во 2021 г.
1.	Контроли согласно Годишен план за целосни финансиски контроли	40	40
2.	Наменски контроли	5	27
	Вкупно финансиски контроли	***45***	***67***

V. Реализација по видови на контроли

1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ.

Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ.

Во рамките на извршените 40 контроли, во текот на 2021 година, контролирани се:

Вид на ЈЗУ	број на контролирани ЈЗУ во 2020 г.	број на контролирани ЈЗУ во 2021 г.
Универзитетски клиники и универзитетски институти	12	14
Клинички, општи болници и специјални болници	8	7
Здравствени домови и поликлиники	13	9
Институти, заводи и центри за јавно здравје	7	10
Вкупно:	**40**	**40**

Од вкупно контролирани 40 (четириесет) ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2020 година, односно до датумот на извршена контрола во 33 (триесет и три) ЈЗУ имаат долгови. Кај 15 (петнаест) ЈЗУ долговите на 31.12.2020 година, споредбено со 31.12.2019 година се зголемиле, а кај 17 (седумнаесет) ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле. Во 8 (осум) ЈЗУ во споредбениот период нема долгови или имале исто ниво на долгови.
(*прилог табела на страна 23)*

- *зголемување на долговите на 31.12.2020 година, споредбено со 31.12.2019 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
  - УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
  - УК за радиотерапија и онкологија – Скопје
  - Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" – Скопје
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - СБ за превенција, лекување и рехе. на кардио.заболувања – Охрид
  - Психијатриска болница – Демир Хисар
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
  - Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
  - Институти - Медицински Факултет – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Центар за јавно здравје – Куманово
  - Здравствен дом – Кичево – Скопје

- *намалување на долговите на 31.12.2020 година споредбено со 31.12.2019 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - УК за гинекологија и акушерство – Скопје
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за очни болести – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје
  - УК за кардиологија – Скопје
  - УК за пулмологија и алергологија – Скопје
  - УК за дерматологија – Скопје
  - Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје
  - Општа болница – Куманово
  - СБ за нефрологија – Струга
  - СБ за прев., лек. и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
  - Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје

- Здравствен дом – Битола
- Здравствен дом – Вевчани
- Здравствен дом – Македонски Брод
- Здравствен дом – Крушево
- Здравствен дом – Прилеп

- *на 31.12.2020 година споредбено со 31.12.2019 година е евидентирано дека нема долгови кај следниве ЈЗУ:*
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Психијатриска болница - Негорци – Гевгелија
  - Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
  - Центар за јавно здравје – Битола
  - Центар за јавно здравје – Охрид
  - Здравствен дом – Струмица (на исто ниво)
  - Здравствен дом – Кратово
  - Здравствен дом – Пехчево

Во текот на 2020 година, 13 (тринаест) ЈЗУ реализирале над 90 % од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 2 (две) ЈЗУ реализирала износ над 80 %, 3 (три) ЈЗУ над 70 %, 6 (шет) над 60 %, 3 (три) ЈЗУ реализирала над 50 % од побарувања од МЗ и 13 (тринаесет) ЈЗУ под 50 %.

- *над 90 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за очни болести – Скопје
  - УК за кардиологија – Скопје
  - УК за дерматологија – Скопје
  - Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје
  - Општа болница – Куманово
  - СБ за нефрологија – Струга
  - Психијатриска болница – Демир Хисар
  - Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
  - Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
  - Центар за јавно здравје – Битола
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Центар за јавно здравје – Охрид
  - Здравствен дом – Прилеп

- *над 80 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Психијатриска болница – Негорци – Гевгелија
  - Центар за јавно здравје – Куманово

- *над 70 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - СБ за превенција, лекување и рехе.на кардио.заболувања – Охрид
  - Здравствен дом – Кичево

- *над 60 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за радиотерапија и онкологија – Скопје
  - УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Институти - Медицински Факултет – Скопје
  - Здравствен дом – Битола

- *над 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за гинекологија и акушерство – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје
  - УК за пулмологија и алергологија – Скопје

- *под 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
  - Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - СБ за прев., лек.и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
  - Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
  - Здравствен дом – Струмица
  - Здравствен дом – Вевчани
  - Здравствен дом – Македонски брод
  - Здравствен дом – Кратово
  - Здравствен дом – Крушево
  - Здравствен дом – Пехчево

Во 23 (дваесет и три) од контролираните 40 (четириесет) ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година се движи над 90 %, во 5 (пет) ЈЗУ над 80 %, во 7 (седум) ЈЗУ е над 70 %, кај 2 (две) ЈЗУ е над 50 % и кај 2 (две) ЈЗУ под 50 %. Во 1 (една) ЈЗУ нема податок за степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година.

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година над 90 % е евидентиран во:*
  - УК за гинекологија и акушерство – Скопје
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - УК за пулмологија и алергологија – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - УК за дерматологија – Скопје
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - СБ за превенција, лекување и рехе.на кардио.заболувања – Охрид
  - СБ за прев., лек. и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
  - Психијатриска болница – Демир Хисар
  - Психијатриска болница – Негорци – Гевгелија
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
  - Институти - Медицински Факултет – Скопје
  - Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
  - Центар за јавно здравје – Битола
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Центар за јавно здравје – Охрид
  - Здравствен дом – Струмица
  - Здравствен дом – Вевчани
  - Здравствен дом - Македонски Брод
  - Здравствен дом – Кратово
  - Здравствен дом – Крушево
  - Здравствен дом - Пехчево

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година над 80 % е евидентиран во:*
  - УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
  - Здравствен дом – Битола
  - Здравствен дом – Прилеп

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година над 70 % е евидентиран во:*
  - УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
  - УК за очни болести – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје
  - УК за кардиологија – Скопје
  - Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" – Скопје
  - Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје
  - Општа болница – Куманово

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 20 година над 50 % е евидентиран во Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје и Здравствен дом – Кичево и*

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2020 година под 50 % е евидентиран во Центар за јавно здравје – Куманово и УК за радиотерапија и онкологија – Скопје.*

Напомена*: Во СБ за нефрологија – Скопје, контрола не била во можност да го утврди степенот на наплатена партиципација, а при контролата во Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје, доставените податоци се до 30.06.2020 година и степенот на наплатена партиципација изнесува 51 %.*

При извршените целосни финансиски контроли во 40 (четириесет) ЈЗУ во текот на 2021 година, кај 21 (дваесет и еден) ЈЗУ контролата на благајна не е извршена заради неможност од спроведување на истата во услови на пандемија од КОВИД 19. Во 9 ЈЗУ се утврдени неправилности во благајничкото работење и дадени препораки за нивно надминување.

Во 6 (шест) ЈЗУ не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал:
- Центар за јавно здравје – Велес
- ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ – Скопје
- ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" – Скопје
- Здравствен дом – Кратово
- Здравствен дом – Пехчево
- Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје

Напомена: *ЈЗУ УК за очни болести – Скопје има мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал, но истото не е ажурирано.*

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- кај 2 (две) од 40 (четириесет) контролирани ЈЗУ, во Здравствен дом – Кичево и Здравствен дом – Пехчево, *нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.*

- кај 8 (осум) ЈЗУ констатирани се *набавки без спроведена постапка за јавна набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500/1000 евра*, во денарска противвредност, без ДДВ.
  - УК за онкологија и радиотерапија – Скопје
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - Здравствен дом – Пехчево
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - СБ за нефрологија – Струга
  - УК за неврохирургија – Скопје

- кај 10 (десет) ЈЗУ *не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500/1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.*
  - Здравствен дом – Крушево
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - Здравствен дом – Битола
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје
  - СБ за нефрологија – Струга
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје

- кај 5 (пет) ЈЗУ *Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки, т.е. не ги содржи елементите пропишани во Законот за јавни набавки и тоа:*
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Здравствен дом – Крушево
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - Завод за слух, говор и глас – Битола
  - Здравствен дом – Македонски брод

(прилог табели од страна 24 и страна 25)

Од извршените целосни финансиски контроли во 40 (четириесет) ЈЗУ во 2021 година, кај 26 (дваесет и шест) ЈЗУ се утврдени неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки, по случаен избор и дадени се препораки за нивно надминување, во сл. ЈЗУ:

- УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
- УК за неврохирургија – Скопје
- УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
- УК за уво, нос и грло – Скопје
- УК за радиотерапија и онкологија – Скопје

- УК за гастроентерохепатологија – Скопје
- УК за пулмологија и алергологија – Скопје
- УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
- УИ за клиничка биохемија – Скопје
- СБ за нефрологија - Струга
- СБ за прев., лек. и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
- Психијатриска болница – Демир Хисар
- Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
- Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
- Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
- Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
- Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
- Центар за јавно здравје – Битола
- Центар за јавно здравје – Велес
- Центар за јавно здравје – Куманово
- Центар за јавно здравје – Охрид
- Здравствен дом – Битола
- Здравствен дом – Кичево
- Здравствен дом – Вевчани
- Здравствен дом – Македонски Брод
- Здравствен дом – Крушево
- Здравствен дом – Пехчево

Во извршените 40 (четириесет) целосни финансиски контроли во 2021 година, финансиските контролори евидентирале 326 (триста и дваесет и шест) препораки, и тоа: на 3 (три) ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 11 (единаесет) ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 14 препораки и кај 26 (дваесет и шест) ЈЗУ бројот на нотирани препораки изнесува 10 и помалку од 10.

- *над 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
  - СБ за нефрологија – Струга
  - Здравствен дом – Битола

- *помеѓу 10* (десет) *и 14 (четрнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за радиотерапија и онкологија – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Психијатриска болница – Демир Хисар
  - Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
  - Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
  - Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Здравствен дом – Прилеп

- *помалку од 10 (десет)препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
  - УК за гинекологија и акушерство – Скопје
  - УК за очни болести – Скопје
  - УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје

- УК за кардиологија – Скопје
- Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" - Скопје
- УК за гастроентерохепатологија – Скопје
- УК за пулмологија и алергологија – Скопје
- УК за дерматологија – Скопје
- Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје
- Општа болница – Куманово
- СБ за превенција, лекување и рехе. на кардио.заболувања – Охрид
- СБ за прев., лек. и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
- Психијатриска болница - Негорци – Гевгелија
- Институти - Медицински Факултет – Скопје
- Центар за јавно здравје – Битола
- Центар за јавно здравје – Куманово
- Центар за јавно здравје – Охрид
- Здравствен дом – Струмица
- Здравствен дом – Кичево
- Здравствен дом – Вевчани
- Здравствен дом – Македонски Брод
- Здравствен дом – Кратово
- Здравствен дом – Крушево
- Здравствен дом – Пехчево

Во извршените 27 (дваесет и седум) наменски контроли, финансиските контролори евидентирале 25 (дваесет и пет) препораки.

Вкупно во извршените целосни финансиски и наменски контроли, финансиската контрола на ФЗОРСМ во текот на 2021 година има доставено 351 (триста педесет и една) препораки до контролираните ЈЗУ.

Од контролираните 40 (четириесет) ЈЗУ само во една ЈЗУ се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосна финанасиска контроли. Во 20 (дваесет) ЈЗУ се исполнети над 50 % од препораки од претходните целосни финансиски контроли, а во 19 (деветнаесет) ЈЗУ под 50 %, а од една ЈЗУ нема податок за извршена претходна финансиска контрола.

- *исполнети препораки над 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - УК за гинекологија и акушерство – Скопје
  - УК за уво, нос и грло – Скопје
  - УК за кардиологија – Скопје
  - УК за пулмологија и алергологија – Скопје
  - СБ за превенција, лекување и рехе. на кардио.заболувања – Охрид
  - СБ за прев., лек. и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево
  - Психијатриска болница – Демир Хисар
  - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
  - Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир
  - Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола
  - Центар за јавно здравје – Битола
  - Центар за јавно здравје – Куманово
  - Центар за јавно здравје – Охрид
  - Здравствен дом – Битола
  - Здравствен дом – Струмица
  - Здравствен дом – Кичево
  - Здравствен дом – Вевчани
  - Здравствен дом – Македонски Брод

- Здравствен дом – Крушево
- Здравствен дом – Пехчево

- *исполнети препораки под 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје
  - УК за неврохирургија – Скопје
  - УК за очни болести – Скопје
  - УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје
  - УК за радиотерапија и онкологија – Скопје
  - Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" – Скопје
  - УК за гастроентерохепатологија – Скопје
  - УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
  - УК за дерматологија – Скопје
  - УИ за клиничка биохемија – Скопје
  - Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје
  - Општа болница – Куманово
  - СБ за нефрологија – Струга
  - Психијатриска болница - Негорци – Гевгелија
  - Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
  - Институти - Медицински Факултет – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Велес
  - Здравствен дом – Прилеп
  - Здравствен дом – Кратово

Од извршените финансиски контроли во ЈЗУ во текот на 2021 година во делот на контрола на пресметана и исплатена плата е утврдено, во ЈЗУ коефициентите за одделни степени на сложеност кои се применуваат, не се во согласност со коефициентите кои се наведени во Решенијата за плати, што е нотирано при контрола во ЈЗУ:

- СБ за нефрологија – Струга - од извршениот увид во исплатните листи на десет вработени за месец февруари 2021 година се констатира дека коефициентите за поединечни работи кои се применуваат, за осум вработени, не се во согласност со коефициентите кои се наведени во Решенијата за плати.

- УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје - на контролата не и доставено Решение за утврдување плата на директорот на установата или сличен документ со кој е уредено истото.

- Здравствен дом – Прилеп - на дел од вработените кои се предмет на контрола им се исплаќа плата без изготвени Анекси на договорот за вработување со кој се утврдува коефициентот на сложеност и другите додатоци од плата согласно на Колективниот договор за здравствена дејност и неговите измени.

- СБ за нефрологија – Струга - од извршениот увид во исплатните листи на десет вработени за месец февруари 2021 година се констатира дека коефициентите за поединечни работи кои се применуваат, за осум вработени, не се во согласност со коефициентите кои се наведени во Решенијата за плати.

Евидентирани се случаи на неусогласеност на коефициентите за одделни степени на сложеност за соодветните занимања во исплатена плати со истите во Колективниот договор за здравствена дејност, во следниве ЈЗУ:

- Психијатриска болница – Демир Хисар - за архивар според Колективен договор за здравствена дејност од месец Јуни/2020 година наместо 1,933 треба да се пресметува коефициент од 1,796 – Архивар - дактилограф – IV група на сложеност.

- СБ за нефрологија – Струга - Коефициентот на сложеност во Решението за плата и во Колективниот Договор за здравствена дејност е во висина од 7,374 додека во пресметката за плата на Директор на ЈЗУ за контролираниот месец (02/2021 година) е во висина од 7,348.

- Институт за медицина на труд – Скопје - на вработен со работно место чувар-пожарникар, му е доделен основен коефициент во износ од 1,324 додека во исплатна листа коефициентот изнесува 1,651 што не е во согласност со Анекс за Изменување и дополнување на Колективниот Договор за Здравствена Дејност на РМ (Службен Весник број 1 од 2020 година).

- Институт за трансфузиона медицина – Скопје - констатирено е утврдување на плата на организацискиот директор во вкупен коефициент 6,668. Во Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина, наведено е "На организациските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент: Институти - 6,107; Клинички болници, универзитетски институти и универзитетски клиники - 6,379; Универзитетски клинички центар - 6,668".

- УК за неврохирургија – Скопје - на медицинскиот директор му е пресметана плата во вкупен коефициент од 8,435. Во колективниот договор е наведено дека "На директорите и на медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент ..... и тоа за: -клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори, здравствени работници со специјализација) ...8,070 и универзитетски клинички центар, универзитетски институт (директори, здравствени работници со специјализација) ... 8,435".

Од финансиските контроли на пресметана и исплатена плата во 2021 година, евидентирани се следниве случаи на пресметка на додатоците на плата:

- Општа болница – Куманово - во исплатна листа е евидентирано додаток за приправност во износ од 4% што не е во согласност со Колективниот договор во здравствена дејност.

- УК за онкологија и радиологија – Скопје:
  - во пресметката на плата на здравствен соработник со вишо, додаток по основ на раководење е 0,34, во колективниот договор нема додаток по основ на раководење со кефициент 0,34.
  - исто така направена е контрола само на пресметувањето на додатокот на плата по основ на раководење и одговорност на раководител на одделение, одд. за информатика, по што е констатирано дека овој додаток се пресметува по коефициент 0,44 (пресметка за ноември 2020 година). Во Поединечниот колективен договор коефициентот 0,44 е за раководител на одделение - здравствен дел (здравствена дејност).
  - зголемена е основната плата на главна медицинска сестра во ЈЗУ за работа во услови потешки од нормалните.

- ЦЈЗ Битола - утврдувањето за исплата на услови за работа на вработените не е во согласност член 63 од колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија;
  За главната сестра, во колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија е утврден вкупен коефициент во износ од 3,400, а во ЈЗУ покрај минат труд, се пресметува и исплатува и услови за работа во износ од 4,5 % кој не е во согласност на колективниот договор.

- Универзитетски Стоматолошки Клинички Центар "Свети Пантелејмон" – Скопје на главната медицинска сестра на ЈЗУ и е доделен додаток за одговорност и раководење во износ од 0,250.

- УК за гинекологија и акушерство – Скопје - при пресметувањето на плата на главната акушерка се пресметува додаток по основ услови на работа и додаток за прекувремена работа.

- Здравствен дом Крушево :
  - според КД коефициент на сложеност за главна медицинска сестра треба да изнесува 3,250, а додека според исплатната листа бруто коефициентот е помал и изнесува 3,0073;
  - додатокот по основ на услови за работа со коефициент 0,2726 е доделен врз основа на вршење на дополнителна работа од областа за јавни набавки, а додека во Колективниот договор не е предвиден додаток за вршење дополнителни работи.

- УК за гастроентерохепатологија – Скопје:
  - во пресметката на плата на главна медицинска сестра констатирано е зголемување на основната плата за работа во услови потешки од нормалните;
  - на раководител на сектор за јавни набавки констатиран е додаток по основ на раководење 0,35. Во доставениот Анекс на договорот за вработување наведено е "работно место: раководител на сектор за јавни набавки". Во Поединечниот колективен договор коефициентот 0,35 е за раководител на служба во ЈУ.

- Здравствен дом – Кратово:
  - на здравствениот работник му е доделена приправност 4 % што не е во согласност со Колективниот Договор;
  - на здравствениот работник му е доделен 4 % додаток за работа во три смени. Во исплатната листа не е евидентиран бројот на часовите за работа во смени;
  - на секретарот на ЈЗУ му е доделен додаток за услови за работа што не е во согласност со Колективниот договор.

- СБ за превенција, лекување и рехе. на кардио. Заболувања – Охрид - при пресметувањето на плата на главна медицинска сестра се пресметува додаток по основ - ,,додаток без остварен повик и ангажирање,,.

- УК за пулмологија и алергологија – Скопје - зголемена е основната плата на главен медицински техничар за работа во услови потешки од нормалните.

- Здравствен дом – Битола:
  - на главната сестра и се пресметува и исплатува додаток по основ на раководење од 0,18 % и додатокот по основ на услови за работа кој се состои

од: додаток по основ на работа на терен 1,5 % и повремена изложеност на инфекции 0,8 % ;

- на доктор на стоматологија – специјалист по општа стоматологија – раководител на Служба за стоматолошка здравствена заштита, се исплаќа на додаток за работа на терен и доктор на медицина на специјализација по детска и превентивна стоматологија во Служба за стоматолошка здравствена заштита, се исплаќа на додаток за работа на терен.
- додатокот за јонизирачко зрачење го добиваат лицата кои работат со компјутер.

➢ Психијатриска болница – Демир Хисар:

- во пресметката на плата се јавува процент на додаток на плата од 155 % кој е збир на дежурство од 105 % и доадаток за ноќна работа 50 % или вкупно 155 % за 56 саати работа. Од страна на одржувачот на софтверот за плата овој надоместок треба да се искажува поединечно. Додатокот на дежурство во нехируршките гранки треба да се пресметува 96 % наместо 105 % - согласно Анексот за изменување и дополнување на КД за здравствена дејност кој се применува со платата од Јануари/2019 година.
- во пресметката на плата се јавува процент на додаток на плата од 192 % кој е збир на работа во државен празник 142 % и доадаток за ноќна работа 50 % или вкупно 192 % за 6 саати работа. Од страна на одржувачот на софтверот за плата овој надоместок треба да се искажува поединечно.

➢ СБ за нефрологија – Струга:

- во пресметката на плата за контролираниот месец (02/2021 година) се пресметува додаток за дежурства во висина од 196 %, додека согласно Сл. Весник бр.31 од 07.02.2019 година „Работникот има право на додаток за дежурство во хируршките гранки во износ од 114 % , а во други гранки 96 % од саатнината за редовно работно време".
- во решението за плата бр. 04-594/2 од 20.05.2020 година, за додаток за работи во услови потешки од нормалните е определен процент 4 %, додека во пресметката за плата процентот е 4,8.
- при пресметувањето на плата на главната сестра се пресметува додаток за прекувремена работа.
- во ЈЗУ надоместокот за членување во комисија се пресметува како составен дел на плата.

➢ УИ за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје:

- при проверка на коефициентот за зголемување на основната плата за работа во услови потешки од нормалните добиен е процент 2,3 %. Во колективниот договор е наведено дека основната плата на работникот се зголемува за од 2,5 до 4 %.
- во контролираната пресметка на плата раководител на сектор за материјално финансиски работи и сметководство, констатиран е додаток по основ на раководење и одговорност 0,35. Во доставениот Договор за вработување наведено е "работно место: раководител на сектор за материјално финансиски работи и сметководство". Во Поединечниот колективен договор коефициентот 0,35 е за раководител на служба во ЈУ.

➢ Здравствен дом – Пехчево - додатокот по основ на раководење по исплатна листа на раководителот материјално – финансиско работење и сметководство е пресметан 0,21 %, додека по Колективен договор додатокот е утврден во висина од 0,51 %.

- Институт за медицина на труд – Скопје:
  - на вработениот Раководител на Оддел за научно-истражувачко работа и за стручно усовршување и на вработениот Раководител на Оддел за физиологија на трудот не им е доделен додаток за раководење согласно Општ Колективен договор за здравствена дејност.
  - на главната медицинска сестра на ЈЗУ и е доделен додаток за услови за работа во износ од 4 % од основниот коефициент.
  - на медицинска сестра вработена во Одделот за физиологија на трудот и е доделен додаток за услови за работа во износ од 4 % од основниот коефициент.
  - на вработен како административен службеник му доделил додаток за услови за работа што не е во согласност со член 1 од Колективниот Договор за Изменување и дополнување на Колективниот Договор за Здравствена Дејност (Службен весник на РМ број 88 од 2009 година).

- УИ за клиничка биохемија – Скопје - зголемена е основната плата на главен медицински лаборант за работа во услови потешки од нормалните.

- УК за уво, нос и грло – Скопје - зголемена е основната плата на главен медицински лаборант за работа во услови потешки од нормалните.

- Здравствен дом – Прилеп:
  - неосновано се пресметува и исплатува 3 % за работа во отежнати услови и општа изложеност на токсични материи;
  - на медицинската сестра со ВСС неосновано и се пресметува и исплатува додаток по основ на раководење од 0,18 %, затоа што во Анексот на договорот за вработување нема утврдено додаток за раководење;
  - на главната сестра се пресметува и исплатува додаток по основ на раководење од 0,18 % и додатокот по основ на услови за работа кој се состои од: повремена изложеност на инфекции 0,8 %.

- ЦЈЗ Куманово:
  - на вработените со посочени иницијали (вкупно 9 наведени), во основицата за пресметување на коефициентот за минат труд, освен основниот коефициент на сложеност ги вклучил и другите додатоци на плата што не е во согласност со Колективниот Договор за здравствена дејност.
  - на работникот Р.А со основен коефициент на сложеност 3,663 му е исплатен додаток за прекувремена работа за 32 часа во износ од 12.008 денари што не е во согласност со Колективниот Договор за Здравствена Дејност бидејќи прекувремената работа изнесува 11.529 денари т.е има повеќе исплатени средства во бруто во износ од 479 денари.Прекувремена работа му е исплатена и на работникот Д.З (разлика 98 денари), на работникот С.Ј (разлика171денар) и на работникот Ѓ.В (разлика 49 денари).
  - на работникот М.А со коефициент на сложеност 3,023 му е исплатен додаток за пасивна приправност во износ од 2.187 денари што не е во согласност со Колективниот Договор за здравствена Дејност бидејќи истиот треба да изнесува 3.245 денари односно има помалку исплатено во бруто во износ од 1.058 денари во бруто износ.Пасивна приправност му е исплатено на работникот С.С (разлика 919 денари), на работникот А.Ж (разлика 826 денари) додека на работникот Д.З му се исплатени повеќе средства во бруто износ од 1.022 денари.
  - на вработениот М.М вработен како администраивен службеник му доделил додаток за услови за работа што не е во согласност со член 1 од Колективниот

Договор за Изменување и дополнување на Колективниот Договор за здравствена Дејност(Службен весник на РМ број 88 од 2009 година).

- Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје:
  - во пресметката на плата констатирана е ставка "Ноќна работа" за која при пресметувањето на зголемувањето на основната плата се користи процент 150 %. Појаснето е дека се работи за дежурство, но се користи процент од "Ноќна работа" 50 % (пресметковно, зголемувањето се врши за 150 %).
  - зголемувањето на основната плата за прекувремена работа е резултат на остварено дежурство (24 часа, на пример во викенд или....) за кое се пресметува и исплаќа 8 часа ноќна работа и 8 часа прекувремена работа.
  - констатирани се пресметувања на часови за исплата на додаток за денови во празник како и зголемување на основната плата за работа во услови потешки од нормалните на главна медицинска сестра.
  - за пресметувањето и исплатата на прекувремена работа добиено е појаснување дека во одделението за имунохематологија има лаборанти кои работат на издавање на крвни продукти и истите работат и сабота и недела (прва смена од 08,00 до 15,00 и втора смена од 15,00 до 21,00 часот) за што се врши исплата по 7 часа како прекувремена работа за една смена.
  - времетраење на едно дежурство на доктор од понеделник до петок е од 08.00 до 08.00 часот наредниот ден, за кое се пресметува и се исплаќа додаток за дежурство за 16 часа (обично дежурство). Во ПКД на ИТМ е наведено "Додатокот за дежурство во редовните работни денови (од понеделник до петок) ќе се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 116 % од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок)".

- Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје - констатирано е зголемување на основната плата за работа во услови потешки од нормалните, на главна медицинска сестра.

- Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје - при пресметувањето на плата на главната медицинска сестра покрај вкупниот коефициент 3,4 се пресметува и додаток по основ раководење во висина од 0,39.

- УК за неврохирургија – Скопје:
  - со контролата е констатирано дека основната плата е зголемена за работа во услови потешки од нормалните за 5 % кој процент не постои во Поединечниот колективен дооговор важечки за тој период.
  - во пресметката на плата на главна медицинска сестра констатиран е додаток по основ на раководење 0,44.
  - во контролираната пресметка на плата на здравствен соработник со ВСС констатиран е додаток по основ на раководење 0,47. Во доставеното Решение (Анекс договор за плата) наведено е "работно место: раководител на сектор за човечки ресурси". Во Поединечниот колективен договор коефициентот 0,47 е за раководител на служба на ниво на универзитетски клиники. Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на конкретниот пресметан додаток по основ на раководење.

При контролите извршени во 2021 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, констатирано е зголемување на основната плата на вработените заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место, но за истото на контролата не и е дадено на

увид одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика:

- УК за онкологија и радиологија – Скопје;
- УК за гастроентерохепатологија – Скопје;
- УК за пулмологија и алергологија – Скопје;
- УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје;
- УИ за клиничка биохемија – Скопје;
- Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје;
- УК за неврохирургија – Скопје;

При контролите извршени во 2021 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, каде се пресметува и исплаќа додаток за дежурство, но на контролата не и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство во:

- УК за онкологија и радиологија – Скопје;
- УК за гастроентерохепатологија – Скопје;
- УК за пулмологија и алергологија – Скопје;
- УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје;
- УК за уво, нос и грло – Скопје;
- Институт за ТБЦ – Скопје;

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.



Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2021 – 31.12.2021 година се презентирани во следната табела:

	Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола	
1	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Здравствен дом – Валандово за периодот 2018 до месец Ноември 2021 година на вработените во службата на ИМП со домашно лекување.*	*1*
2	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"– Скопје за месец 06 /2020 година.*	*1*
3	*Предмет на контрола – контрола на решенијата за пресметување на месечната плата и на пресметките за плата ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" – Скопје, извршена во февруари 2021 година;*	*1*
4	*Предмет на контрола – контрола на решенијата за пресметување на месечната плата и на пресметките за плата ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" – Скопје, извршена во април 2021 година;*	*1*
5	*Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле, Скопје* *Во прилог на Извештајот се Извешати од контрола на дистрибуцијата на лековите за цистична фиброза до осигурениците од аптеки на следниве ЈЗУ:* *- Клиничка болница Тетово;* *- Клиничка болница Штип;* *- Општа болница со проширена дејност Кавадарци;* *- Општа болница со проширена дејност Кочани;* *- Општа болница со проширена дејност Гевгелија;* *- Општа болница со проширена дејност Дебар;* *- Здравствен дом Скопје – аптеки во поликлиниките Бит Пазар, Јане Сандански и Букурешт;* *- Општа болница Велес;* *- Општа болница Куманово;* *- Општа болница Гостивар;* *- Општа болница Охрид;* *- Општа болница Струга;* *- Здравствен дом Прилеп;* *- Здравствен дом Битола;* *- Здравствен дом Берово;*	*16*
6	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Здравствен дом – Куманово во текот на 2012 до 2016 година на главната медицинска сестра.*	*1*
7	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Општа болница – Куманово во текот на 2012 до 2016 година на главната медицинска сестра.*	*1*
8	*Предмет на контрола - контрола за утврдување дали предметната ЈЗУ Општа болница – Охрид во временскиот период од 2019 година до 31.10 2021 година незаконски исплаќала повисока плата на лицето А.Н. со работно место Секретар на ЈЗУ и дали истата е исплаќана во согласност со Закон и Колективен Договор за здравствена дејност;*	*1*
9	*Предмет на контрола - контролата се реализирани дежурства на специјализанти на приватна специјализација на ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ – Скопје за период од јуни – ноември 2021 година;*	*1*
10	*Предмет на контрола - контрола на финасиско работење на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија – Скопје;*	*1*
11	*Предмет на контрола – контролата на склучен договор помеѓу ЈЗУ ОБ Велес и Еколошко друштво "Здравец" – Македонска Каменица;*	*1*

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2021 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;
- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.
- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите од контролите.

Септември, 2022 година

Изработиле:
М-р Бедри Мемети
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финанасиски контроли

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2019 и 31.12.2020 година

Р.бр.	ЈЗУ	долгови на 31.12.2019	долгови на 31.12.2020	зголемување/ намалување
1	УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар – Скопје	146.378.476	170.925.464	зголемување
2	УК за гинекологија и акушерство – Скопје	180.206.825	169.162.836	намалување
3	УК за неврохирургија – Скопје	73.490.097	65.475.819	намалување
4	УК за очни болести – Скопје	7.056.814	1.514.030	намалување
5	УК за торокална и васкуларна хирургија – Скопје	134.599.854	148.941.246	зголемување
6	УК за уво, нос и грло – Скопје	1.641.090	221.240	намалување
7	УК за радиотерапија и онкологија – Скопје	366.898	94.357.707	зголемување
8	УК за кардиологија – Скопје	127.818.624	82.291.441	намалување
9	Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" – Скопје	18.423.726	26.115.101	зголемување
10	УК за гастроентерохепатологија – Скопје	115.944	266.450	зголемување
11	УК за пулмологија и алергологија – Скопје	36.731.200	34.786.779	намалување
12	УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје	3.794.812	4.570.955	зголемување
13	УК за дерматологија – Скопје	11.278.088	2.095.668	намалување
14	УИ за клиничка биохемија – Скопје	0	0	исто ниво
15	Градска ОБ "8-ми септември" – Скопје	306.272.972	292.517.405	намалување
16	Општа болница – Куманово	117.155.440	108.128.103	намалување
17	СБ за нефрологија – Струга	43.034.621	37.050.571	намалување
18	СБ за превенција, лекување и рехе.на кардио.заболувања – Охрид	14.069.804	15.990.323	зголемување
19	СБ за прев., лек.и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заб. – Отешево	1.573.444	973.523	намалување
20	Психијатриска болница – Демир Хисар	29.534	454.919	зголемување
21	Психијатриска болница – Негорци – Гевгелија	0	0	исто ниво
22	Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје	241.472.271	153.828.911	намалување
23	Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје	157.915.432	172.614.789	зголемување
24	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје	76.666	326.944	зголемување
25	Институт за медицина на трудот на РСМ – Чаир	0	5.783.855	зголемување
26	Институти - Медицински Факултет – Скопје	14.713.371	21.683.587	зголемување
27	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола	0	0	исто ниво
28	Центар за јавно здравје – Битола	11.052.810	9.424.151	намалување
29	Центар за јавно здравје – Велес	0	460.870	зголемување
30	Центар за јавно здравје – Куманово	20.173.408	21.943.022	зголемување
31	Центар за јавно здравје – Охрид	0	0	исто ниво
32	Здравствен дом – Битола	0	0	исто ниво
33	Здравствен дом – Прилеп	14.080.000	14.034.812	намалување
34	Здравствен дом – Струмица	18.000	18.000	исто ниво
35	Здравствен дом – Кичево	2.400.231	2.514.018	зголемување
36	Здравствен дом – Вевчани	5.922.383	2.806.689	намалување
37	Здравствен дом – Македонски Брод	315.279	27.011	намалување
38	Здравствен дом – Кратово	0	0	исто ниво
39	Здравствен дом – Крушево	64.747	2.360	намалување
40	Здравствен дом – Пехчево	0	0	исто ниво

1.2. Утврдени неправилности во благајничкото работење

Р.бр.	ЈЗУ	Број на препораки
1	Центар за јавно здравје – Велес	5
2	Центар за јавно здравје – Битола	6
3	Здравствен дом – Крушево	1
4	УК за очни болести – Скопје	1
5	Здравствен дом – Битола	5
6	Здравствен дом – Кичево	1
7	Здравствен дом – Прилеп	7
8	Завод за слух, говор и глас – Битола	2
9	Психијатриска болница – Негорци – Гевгелија	2

Напомена: *Во 21 ЈЗУ поради пандемијата со COVID 19 не е извршена контрола на благајна.*

1.3. ЈЗУ во кои не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал

Р.бр.	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Велес
2	ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ – Скопје
3	ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон“ – Скопје
4	Здравствен дом – Кратово
5	Здравствен дом – Пехчево
6	Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје

1.4. ЈЗУ кои немаат нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки

Р.бр.	ЈЗУ кои немаат лице со лиценца за ЈН
1	Здравствен дом – Кичево
2	Здравствен дом – Пехчево

1.5. ЈЗУ кај кои се констатирани набавки без спроведена постапка за јавна набавка. чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500/1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр	ЈЗУ
1	ЈЗУ УК за онкологија и радиотерапија – Скопје
2	ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија – Скопје
3	УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје
4	Здравствен дом – Пехчево
5	УИ за клиничка биохемија – Скопје
6	Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
7	СБ за нефрологија – Скопје
8	УК за неврохирургија – Скопје

1.6. ЈЗУ во кои не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500/1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр.	ЈЗУ
1	Здравствен дом – Крушево
2	ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија – Скопје
3	Здравствен дом – Битола
4	УИ за клиничка биохемија – Скопје
5	Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје
6	Институт по белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје
7	УК за неврохирургија – Скопје
8	УК за уво, нос и грло – Скопје
9	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) – Скопје
10	СБ за нефрологија – Скопје

1.7. ЈЗУ во кои Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки

Р.бр.	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Велес
2	Здравствен дом – Крушево
3	ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија – Скопје
4	Завод за слух, говор и глас – Битола
5	Здравствен дом – Македонски брод